Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 21 точка 3 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ"бр.04/03, 08/06 и 09/10 ) и член 131 став 2 од Деловникот на Советот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.1/07), Советот на општина Василево на својата редовна седница одржана на **30.12.2014 година** ја донесе следната:

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

за работа на Советот на општина Василево во 2015 година

**Вовед**

Советот на општина Василево Годишната програма за работа ја донесува врз основа на законите кои се ставени во надлежност на Советите на единиците на локалните самоуправи, Стратешките цели за развој на општина Василево како и врз основа на Стратешкиот план за развој на струмичкиот микро регион кој план беше донесен минатата година.

Во Годишната програма се внесени предлози кои се дадени од страна на членовите на комисијата за изработка на оваа предлог-програма, Градоначалникот на општината, општинската администрација, јавното претпријатие и јавната установа кои се основани од страна на општината. Во Годишната програма за работа на Советот на општина Василево можат да бидат внесени и предлози дадени од страна на месните заедници, здруженија на граѓани како и од страна на заинтересирани субјекти.

Во Годишната програмата за работа на Советот на општина Василево се наведени називите на одлуките и другите општи акти и прашања и теми што ќе ги разгледува Советот на своите седници, субјектите кои се задолжени за нивно изготвување, предлагачот на актите и другите документи како и роковите кога тие документи треба да се разгледат или донесат.

Оваа Годишната програма е поделна на два дела односно на истата ќе се извршува во две полугодија од тековната година. Првиот дел ги опфаќа месеците од јануари до јуни, додека вториот дел ги опфаќа месеците од јули до декември 2014 година.

**Прво полугодие**

**Јануари - Јуни**

- Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во 2014 година.
  Носител на извештајот: Градоначалник на општина Василево.
- Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште во 2014 година.

Носител на извештајот: Градоначалник на општина Василево

3.**IV** Квартален финансиски извештај за извршување на Буџетот на општина Василево за 2014 година

Предлагач: Градоначалник на општина Василево.

- Извештај за реализација на Програмата за проширување на уличното осветлување во општина Василево за 2014 година.
  Носител на извештајот: Градоначалник на Општина Василево.
- Извештај за реализација на проекти за изградба на локалните водоводи и системи за канализација во 2014 година.

Носител на извештајот: Градоначалник на опШштина Василево.

- Информација за состојбата на шумите на територијата на општина Василево
  Носител на информацијата: подрачното министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство во Струмица.
- Разгледување на соработката на општина Василево со НВО-ии на подрачјето на општина Василево.
  Носител на информацијата: Градоначалник на општина Василево.
- Извештај од Ветеринарна станица Струмица за опфатеноста од заразни заболувања на животните на подрачјето на општина Василево.

Носител на извештајот: Ветеринарна станица .

- Информација за можноста за користење кредит на земјоделците при вршењето на земјоделската дејност и начинот на регистрирање за земјоделец.

Носител на информацијата: подрачното министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство во Струмица.

- Извештај на територијалната противпожарна единица - Струмица од настанатите пожари на територијата на општина Василево во 2014 година.

Носител на извештајот: ТПЕ - при општина Струмица.

- Извштај за исправноста на водата за пиење од водоводите од населените места на општина Василево.

Носител на извештајот: Заводот за здравствена заштита - Струмица.

- Тромесечен извештај за работата на ОУ "Гоце Делчев" Василево.
  Предлагач: ОУ ,, Гоце Делчев ,, Василево.
- Завршна сметка на Буџетот на општина Василево за 2014 година.
  Предлагач: Градоначалник на општина Василево.
- Извештај по завршната сметка на Буџетот на општина Василево за 2014 година.
  Носител на извештајот: Градоначалник на општина Василево.
- I Квартален финансиски извештај за извршување на Буџетот на општина Василево за 2015 година.
  Предлагач: Градоначалник на општина Василево
- Годишна сметка и Извештај за работата на ЈП "Турија" - Василево во 2014 година.
  Предлагач: ЈП "Турија" Василево.
- Програма за работа на ЈП "Турија" Василево во 2015 година.
  Предлагач: ЈП "Турија"- Василево;
- Информација за состојбите и актуелните прашања во искористувањето на хидро - мелиоративните системи во општина Василево.
  Носител на информацијата: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - ПЕ - Струмица и ВП Струмички Слив.
- Информација за состојбата на безбедноста на сообраќајот во општина Василево во првата половина на 2015 година.
  Носител на информацијата: МВР Струмица.
- Информација за состојбата на јавниот ред и мир во општина Василево во првата половина на 2015 година.
  Носител на информацијата: МВР Струмица.
- Информација за опфатеноста на населението и просторните услови за здравствена заштита во општина Василево.
  Носител на информацијата: Медицински центар - Струмица.
- Информација за состојбата на пороите и коритата на реките со програма за одржување.
  Носител на информацијата: ВП " Струмички Слив" Струмица.
- Извештај од работата на Инспекторот Советник за сообраќај и патишта во првата половина на 2015 година.
  Носител на извештајот: Инспектор - Советник за сообраќај и патишта.
- Извештај од работата на Советникот - даночен инспектор во првата половина на 2015 година.
  Носител на извештајот: Советник- даночен инспектор.
- Извештај од работата на Советникот урбанистички-градежен инспектор во првата половина на 2015 година.
  Носител на извештајот: Советник урбанистички-градежен инспектор.
- Извештај од работата на Советникот - просветен инспектор во првата половина на 2015 година.
  Носител на извештајот: Советник - просветен инспектор.

24.Годишен Извештај за работата на одделението за финансиски прашања на општина Василево.

Носител: Раководител на одделението за финансиски прашања на општина Василево.

25. Годишен Извештај за работата на одделението за

Носител:Раководител на одделението за финансиски прашања на општина Василево.

26.Информација за структурата, влијанието и меѓусебната соработка на верските заедници во општина Василево.

Носител на информацијата: Комисија за општествени дејности

27.Извештај за работата на комуналниот инспектор на општина Василево во првата половина во 2015 година.

Носител на извештајот: Комунален инспектор

28.Годишен извештај од работата на ОУ “Гоце Делчев” Василево.

Носител на извештајот: ОУ “Гоце Делчев” Василево.

**29.II**.Квартален финансиски извештај за извршување на Буџетот на општина Василево за 2015 година.

Предлагач:Градоначалник на општина Василево.

30.Полугодишен Извештај за работата на Градоначалникот во првото полугодие од 2015 година.

**Второ полугодие**

**Јули - Декември**

31.Информација за состојбата со екологијата на територијата на општина Василево.

Носители на информацијата: Министерство за заштита на животната средина - ПЕ - Струмица и Еколошки друштва.

32Информација за користење и одржување на регионалната депонија во Доброшинци.

Носител на информацијата: ЈП "Комуналец" Струмица.

33Информација за узурпирано земјиште на подрачјето на општина Василево.

Носител на информацијата: Министерство за финансии - Одделение за имотно правни работи - Струмица.

34Информација за состојбата со шумите, пошумувањето и настанатите штети од пожарите на територијата на општина Василево.

Носител на информацијата: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - ПЕ - Струмица и МВР Струмица.

35Информација за опфатеноста на домашните животни со ветеринарна заштита.

Носител на информацијата: Ветеринарна станица .

**36.III** Квартален финансиски извештај за извршување на Буџетот на општина Василево за 2015 година.

Предлагач: Градоначалник на општина Василево.

37.Информација за просторните и другите услови за работа и успехот во основното образование во општина Василево.

Носител на информацијата: Министерство за образование и физичка култура и ОУ "Гоце Делчев" - Василево.

- Програма за работа на ОУ ,, Гоце Делчев,, Василево за учебната 2015/2016.
  Предлагач: ОУ вГоце Делчевг Василево.
- Информација за состојбата со јавна чистота со Програма за јавна чистота.
  Носител на информацијата: ЈП "Турија" Василево.
- Нацрт - урбанистички планови за 2016 година.
  Предлагач: Градоначалник на општина Василево.
- Извештај за работа на комуналниот инспектор на општина Василево во втората половина на 2015 година.
  Носител на извештајот: Комунален инспектор.
- Информација за состојбата на безбедноста на сообраќајот во општина Василево во втората половина на 2015 година.
  Носител на информацијата: МВР Струмица.
- Тромесечен извештај за работата на ОУ “Гоце Делчев” Василево за учебната 2015/2016 година.
  Носител на извештајот: ОУ “Гоце Делчев” Василево
- Информација за состојбата на јавниот ред и мир во општина Василево во втората половина на 2015 година.
  Носител на информацијата: МВР Струмица.

- Предлог-Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во 2016 година.

  Предлагач: Градоначалник на Општина Василево
- Предлог-Програма за уредување на градежно земјиште во 2016 година.

  Предлагач:Градоначалник на Општина Василево.
- Предлог-Програма за проширување на уличното осветлување во општина Василево за 2016 година.

  Предлагач: Градоначалник на Општина Василево.
- Предлог-Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и системи за канализација во 2016 година.

  Предлагач: Градоначалник.
- Програма за спортски активности во Општина Василево во 2016 год.

  Предлагач: Градоначалник и Комисија за општествена дејност.

- Предлог - Буџет на општина Василево за 2016 година.

  Предлагач: Градоначалник на општина Василево.
- Извештај за работата на Советот на општина Василево во текот на 2015 година.
- Извештај од работата на Инспекторот-Советник за сообраќај и патишта во втората половина на 2015 година.

  Носител на извештајот: Инспектор Советник за сообраќај и патишта.
- Извештај од работата на Советникот урбанистички-градежен инспектор во втората половина на 2015 година.

  Носител на извештајот: Советник урбанистички-градежен инспектор
- Извештај од работата на Совеникот - даночен инспектор во втората половина на 2015 година.

  Носител на извештајот: Советник-даночен инспектор.
- Извештај од работата на Советникот - инспектор за просвета во втората половина на 2015 година.

  Носител на извештајот: Советник-просветен инспектор.
- Извештај од наплатата на даноците на имот и комуналната такса во општина Василево.

Носител на извештајот: Градоначалник на општина Василево и заедничкото одделение за администрирање на даноци и такси и други надоместоци.

- Предлог-Годишна програма за обука на државните службеници за 2016 година на општинската администрација на општина Василево.

  Предлагач: Градоначалникот на општина Василево.
- Предлог - Годишна Програма за работа на Советот на општина Василево во 2016 година.

Предлагач: Комисија за изготвување Предлог - Годишна програма за работа на Советот на општина Василево.

59.Пологодишен Извештај за работата на Градоначалникот во второто полугодие од 2015 година

Бр.07-2580/1<br>30.12.2014г.<br>Василево

Совет на општина Василево<br>Претседател,<br>Илчо Колев с.р.